# З А П И С Н И К

од првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 14.01.2019 година, со почеток во 12:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател
2. Петар Есмеров, член
3. Дешира Имер, член
4. Сашо Димитријоски, Директор на Агенцијата
5. Весна Чкаловска – раководител на одделение за јавни набавки- во својство на записничар,

Членовите Славе Веловски и Горан Велинов беа оправдано отсутни.

На состанокот се работеше по предложениот дневен ред:

1. Усвојување на Записникот од петнаесетиот состанок на Комисијата одржан на 11.12.2018 и усвојување на предлог дневниот ред за првиот состанок за 2019 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од петнаесетиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Барање согласност за одобрување на Годишниот план за јавни набавки на АЕК за 2019 година;

   Имајќи во предвид дека годишната програма за работа на Агенцијата за 2019 година со годишниот финанскиски план е усвоена во законски предвидениот рок, како проекција на нив се изготви и Годишниот план за јавни набавки за 2019 година кој членовите го разгледаа дискутираа по истиот и го усвоија.

3. Разгледување на приговор број 0306-3653/1;

На членовите на Комисијата им беа доставени сите списи по предметот број 0306-3653/1, односно приговорот од вработената, задолжението за извршување на работни задачи број 0201-33/31 од 21.11.2018г, одговор по приговор 0201-3653/3 од 11.12.2018г, правно мислење добиено од Адвокатска канцеларија, и Решение од Агенцијата за Администрација со број 0201-3653/4 од 24.12.2018г. со кое се огласува за ненадлежна и приговорот го отстапува на Комисијата на Агенцијата. Откако ги разгледаа сите документи членовите донесоа Решение со кое се одбива приговорот од административниот службеник. Формално Решение ќе се достави до вработената и службата за човечки ресурси.

4. Разгледување на приговор број 0201-3523/2;

На членовите на Комисијата им беа доставени сите списи по предметот број 0201-3523/2, односно жалбата од вработената, Решението за распоредување број 0402-3523/1 од 21.11.2018г, одговор на жалба број 0201-3523/3 од 18.12.2018г, правно мислење добиено од Адвокатска канцеларија, и Решение од Агенцијата за Администрација со број 0201-85/1 од 08.01.2019г. со кое се огласува за ненадлежна и приговорот го отстапува на Комисијата на Агенцијата. Откако ги разгледаа сите документи членовите донесоа Решение со кое се одбива приговорот од административниот службеник. Формално Решение ќе се достави до вработената и службата за човечки ресурси.

5. Разно

Немаше дискусија по оваа точка.

Состанокот заврши на 14.01.2019 во 14:45 часот.

Гордана Клинчарова, претседател___________

Петар Есмеров, член______________________

Дешира Имери, член________________